Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура и туризам** | **Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

*Сектор за управен* и инспекциски надзор | *Sektori i Mbikëqyrjes* Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
Потпис
Nënshkrimi
____20____година
viti

**ИП 1 бр. 57-25**
**Датум: 09.05.2025 година**

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ – Скопје (**во натамошниот текст: Друштво АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ - Скопје**) | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Максим Горки“ бр. 31А, влез 1-кат 1/бр. 2, Скопје (Центар) | |
| Адреса за е-пошта/веб адреса: | www.arsstudio.com.mk | |
| Телефон | (02) 3165-743 | |
| Матичен број на субјектот | 5419115 | |
| Даночен број на субјектот | 4030000396568 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 300000000330127 | |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД, Скопје | |
| Одговорно лице на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон: | Е-пошта |
| управител | | @arsstudio.com.mk |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>1. РЕДОВЕН</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 06.05.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 09.05.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Друштво АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ - Скопје | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Издавање на книги (шифра: 58.11) | | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши | ул. „Максим Горки“ бр. 31А, влез 1-кат 1/бр. 2, Скопје (Центар) | | | |

| надзорот | |
|---|---|

**3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

1. **Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за м. април 2025 година со бр. 57-953/3 од 04.04.2025 година.**

2. Налог, издаден од раководителот на инспекциската служба бр. ___од ___2025 г.;

3. Налогот, издаден од претседателот на Инспекцискиот совет бр. ___од ___2025 г.;

4.Записник/решение за извршен инспекциски надзор бр. ___од ___2025 г..

**4) Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризма (**во натамошниот текст: МКТ**). За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис ИП1 бр. 57-25 од 29.04.2025 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019, 272/24 и 22/25).

**5) Предмет:** инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на одредбите одЗаконот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21 и 3/25), како и подзаконските акти - Правилник за формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот („Сл. весник на РМ бр. 83/15), иПравилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на меѓународен стандарден број за книги (ISBN), на образецот на барањето за издавање на меѓународен стандарден број за периодични публикации и континуирани извори (ISSN) и на образецот на барањето за издавање на меѓународен стандарден број за музички нотни изданија (ISMN) („Сл. весник на РМ бр. 68/2015), и Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на ЦИП запис („Сл. весник на РМ бр. 46/15).

**Основ:**член 17 став (2)од Законот за издавачката дејност ичлен 82 став (1) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 265/24), а во врска со член 69 од Законот за инспекциски надзор.

**6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

- Согласно со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор, употребена е Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на овој Записник.

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| управител | | @arsstudio.com.mk |

**8)** За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присуствуваше и следното лице:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | @arsstudio.com.mk |

**9)** Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

**10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:**

**10.01.**Според презентираната Тековна состојба, под деловоден број 0805-50/150120250005468 од 07.03.2025 г., издадена од Централен регистар на РСМ, РРК канцеларија Скопје, како лице овластено за застапување на Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје и подружниците на истото, запишана е управител (основач/сопственик), со неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет.

**10.02.**Во врска со обврската од **член 4 став (1) и (2) од Законот за издавачката дејност**, според која издавачот мора да има уредник, кој е одговорен за целокупната издавачка дејност, односно врши избор на публикации за објавување, прибавува и дава стручно мислење за публикациите и е одговорен за квалитетот на изданијата, на увид е презентирана Пријава/одјава во задолжително осигурување – Образец М1/М2 од 28.02.2025 г., за лицето , дипл. преведувач по англиски и француски јазик и Пријава/одјава во задолжително осигурување – Образец М1/М2 од 16.05.2023 г., за лицето Ели Василевска Илиевска, дипл филолог по англиски јазик и книжевност, за заснован работен однос на неопределено време на 01.03.2025 г./15.05.2023 г., на работното место уредник.

**10.03.**При надзорот на увид се презентирани следните две публикации издадени од страна на Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, во текот на 2023/2024 година и тоа:

-„Да имаш сé “ од авторот Марко Мисироли (2023 г.), и
- „Расеаности“ од авторот Федерика де Паолис (2024 г.).

**10.03**. Во однос на обврската од **член 6 став (3)** од Законот за издавачката дејност и **Правилникот за .формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот**, според која што издавачот во јануари тековната година за претходната година до НУ – НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, доставува годишен извештај за сопствената издавачка продукција, Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, има постапено по оваа обврска, а за што на увид се презентирани Годишен извештај за издавачка продукција на Арс студио за 2023 година, заведен под дел. бр. 03-23/1 од 23.01.2024 г., доставен до НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, со преглед на вкупно 3 (три) публикации (од кои книгата „Да имаш сé “ од авторот Марко Мисироли и два учебници-No Limit 1! Student's book и No Limit 1! Starter Student's book-според изјавите на присутните лица издадени, односно испечатени само за потребите на Конкурсот, објавен од страна на Министерството за образование и наука), и Годишен извештај за издавачка продукција на Арс студио за 2024 година, заведен под дел. бр. 03-9/1 од 15.01.2025 г., доставен до НУ-НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, со еден наслов – книгата „Расеаности“ од авторот Федерика де Паолис), како и за предметните изданија, пополнети обрасци „Годишен извештај за издавачката продукција на издавачот“, којшто е составен дел од Правилникот за формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот.

**10.04.**Според со **член 5 став (1) од Законот за издавачката дејност**, кој што се однесува на обврската на издавачот пред објавување на публикацијата да склучи договорсо авторот на публикацијата и со другите лица што учествуваат во изработката на изданието (**автор, имател на авторско право, уредник, приредувач, преведувач, редактор, рецензент, лектор, коректор, ликовен и технички уредник и друго)**, а со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски и на кој се применуваат прописите за авторското право и сродните права,утврдено е дека Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, има постапено по оваа обврска. Имено,за издавање на горенаведените публикации на увид е презентирана следната документација:

-Одлука бр. 03-991/1 од 15.12.2023 г., за назначување на работникот за главен уредник на насловот „Да имаш сé “ од авторот Марко Мисироли,
-Одлука бр. 03-991/2 од 15.12.2023 г., за назначување на работникот за технички и ликовен уредник на насловот „Да имаш сé “ од авторот Марко Мисироли,

-Договор за вршење интелектуални услуги бр. 03-993/1 од 18.12.2023 г., склучен меѓу [redacted] од Скопје и Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, за вршење на превод на делото „Да имаш сé " од авторот Марко Мисироли, од италијански на македонски јазик,

-Договор за вршење интелектуални услуги бр. 03-987/1 од 15.11.2023 г., склучен меѓу [redacted] од Скопје и Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, за вршење на лектура на превод на делото „Да имаш сé " од авторот Марко Мисироли,

-Договор бр. 03-335/1 од 17.10.2022 г., склучен помеѓу Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје (Издавач), и Marco Missiroli/MalaTesta Lit. Ag. Milano, Italija (носител на авторско право), за превод, објавување и продажба на книгата „Да имаш сé " (AVERE TUTTO).

-Фактура/испратница бр. 15/23 од 28.12.2023 година, издадена од Печатницата и книговезница ГРАФОСТИЛ ДООЕЛ од Скопје, за испечатени 520 примероци од книгата „Да имаш сé " од авторот Марко Мисироли, и

-Одлука бр. 03-622/1 од 18.11.2024 г., за назначување на работникот [redacted], за главен уредник на насловот „Расеаности" од авторот Федерика де Паолис,

-Одлука бр. 03-622/2 од 18.11.2024 г., за назначување на работникот [redacted], за технички и ликовен уредник на насловот „Расеаности" од авторот Федерика де Паолис,

-Договор за вршење интелектуални услуги бр. 03-536/1 од 17.10.2024 г., склучен меѓу [redacted] од Скопје и Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, за вршење на превод на делото „Расеаности" од авторот Федерика де Паолис , од италијански на македонски јазик,

-Договор за вршење интелектуални услуги бр. 03-537/1 од 17.10.2024 г., склучен меѓу [redacted] од Скопје и Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, за вршење на лектура на превод на делото „Расеаности" од авторот Федерика де Паолис,

-Договор бр. 03-219/1 од 21.07.2022 г., склучен помеѓу Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје (Издавач), и авторот/агент Federica De Paoilis/MalaTesta Lit. Ag. Milano, Italija (носител на авторско право), за превод, објавување и продажба на книгата „Расеаности" (LE DISTRAZIONI),

-Фактура/испратница бр. 25/0292/2024 од 24.12.2024 година, издадена од Печатницата ГРАФОДЕН ДООЕЛ од Скопје, за испечатени 500 примероци од книгата „Расеаности" од авторот Федерика де Паолис .

10.05.Во однос на обврската од **член 6 став (2) од Законот за издавачката дејност**, според којашто издавачот е должен да ја издаде публикацијата во тираж кој што

би требало да биде наведен како задолжителен податок на публикацијата, од увидот во горенаведените публикации, утврдено е дека во истите се наведени податоци за отпечатениот тираж (500 примероци, односно 520 во случај на испечатени примероци со грешка).

**10.06.**Горенаведените публикации на Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје,ги содржатподатоците, предвидени согласно со **член 7 од Законот за издавачката дејност**, според којшто секоја публикација треба да ги содржи следните задолжителни податоци: податоци за издавачот (назив и седиште), наслов на публикацијата и име и презиме на авторот/носителот на авторското право, име и презиме на уредникот, како и преведувачот, приредувачот, илустраторот, лекторот и други лица, назив и седиште на печатницата, место на издавање, година на изданието, број на периодичната публикација, при повторно издание, податоци за издавачот, **место и година на објавување на првото издание (доколку таквите податоци се достапни), ознака C (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување, тираж на публикацијата,CIP – запис или идентификациски број на CIP – записот (за оние публикации што подлежат на CIP – запис) и меѓународни стандардни броеви за публикацијата** (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET).

Кај преведените публикации, покрај горенаведените податоци, кога публикацијата е превод на изворно (оригинално) дело, истата мора да ги содржи насловот и јазикот на кој е изворно напишана публикацијата. Од увидот направен во податоците на горенаведените публикации, со оглед дека станува збор за преведени дела од италијански јазик, утврдено е дека истите содржат податоци за насловот и јазикот на кој е изворно напишана публикацијата и меѓународен стандарден број (ISBN).

Горенаведените публикации се лекторирани од страна на овластените лица – лектори – [redacted] а за коишто од страна на Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје, на увид е презентирано **УВЕРЕНИЕ за положен испит за лектор бр. 27-399/3 од 10.03.2012 г.** (за [redacted] од Скопје, односно [redacted]), **и УВЕРЕНИЕ за положен испит за лектор бр. 15-11/6 од 26.02.1999 г.** (за [redacted] од Струга), издадени од Комисијата за полагање исшит за лектор, на Министерството за култура (согласно со член 7 став 2 од Законот за употребата на македонскиот јазик).

**10.07.**Во однос на обврската од **член 12** од Законот за издавачката дејност, според којашто издавачот е должен да достави 5 (пет) задолжителни примероциод публикациите од сопствената издавачка продукција, до НУ - НУБ „Св. Климент

Охридски“ од Скопје,Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопјеима постапено по однос на оваа обврска, а за што на увид како доказ е презентирана следнава документација:

Испратница бр. 001/24 од 04.01.2024 година, за доставени 5 (пет) задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, за публикацијата „Да имаш сеé “ од авторот Марко Мисироли“
Испратница бр. 020/24 од 26.12.2024 г., за доставени 5 (пет) задолжителни примероци до НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје, на публикацијата „Расеаности“ од авторот Федерика де Паолис “.

**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација:**

**-не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор.**

При редовниот инспекциски надзор, не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот од аспект на примена на одредбите од Законот за издавачката дејност и подзаконските акти донесени врз основа на законот, поради што **од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Порад обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ согласно со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 3 (три) истоветни примероци, од кои 2 (два) за потребите на Секторот за управен и инспекциски надзор на МКТ, а еден примерок заДруштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

______________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | на Друштвото АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ-Скопје | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Сабина Синан, главен инспектор |
| Датум: | 13. 05.2025 г. | Датум: | 09.05.2025 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините

**ПРИЛОГ:** Листа за проверка, која е составен дел на Записникот